**20151193565**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 16 - б од Законот за азил и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/03, 66/07, 142/08, 146/09, 166/12 и 101/15), министерот за внатрешни работи, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДА ЗА ИСКАЖАНАТА НАМЕРА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА АЗИЛ, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА АЗИЛ, НАЧИНОТ НА ЗЕМАЊЕ НА ОТПЕЧАТОЦИ ОД ПРСТИ И ФОТОГРАФИРАЊЕ НА БАРАТЕЛИТЕ НА ПРАВО НА АЗИЛ, ОБРАЗЕЦОТ И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ЗАМЕНА НА ИСПРАВИ НА БАРАТЕЛИ НА ПРАВО НА АЗИЛ И ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ПРИЗНАЕНО ПРАВО НА АЗИЛ ИЛИ ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗА НАЧИНОТНА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА

Член 1

Во Правилникот на образецот на потврда за искажаната намера за поднесување на барање за признавање право на азил, образецот на барање за признавање право на азил, начинот на земање на отпечатоци од прсти и фотографирање на барателите на право на азил, образецот и начинот на издавање и замена на исправи на баратели на право на азил и лица на кои им е признаено право на азил или привремена заштита во Република Македонија и за начинот на водење на евиденција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/15), во член 2 во ставот 1 по зборот „поседува“ се додаваат зборовите „држава од која влегува во Република Македонија,“.

Член 2

Образецот бр.1 се заменува со нов Образец бр. 1 кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.13.1-46213/1
14 јули 2015 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Митко Чавков**, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Образец бр. 1

______________________________
Организациона единица
Број____________________
___________________ година
___________________
Место

## ПОТВРДА ЗА ИСКАЖАНАТА НАМЕРА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА АЗИЛ

1. име и презиме ______________________________
2. датум на раѓање ______________________________
3. пол ______________________________
4. место и држава на раѓање ______________________________
5. државјанство ______________________________
6. документи кои лицето ги поседува ______________________________
7. држава од која влегува во Република Македонија__________________________________

Лица кои го придружуваат носителот на оваа потврда (малолетни лица)

1. ________________________________ сродство _______________
2. ________________________________ сродство _______________
3. ________________________________ сродство _______________
4. ________________________________ сродство _______________
5. ________________________________ сродство _______________
6. ________________________________ сродство _______________

Со овој документ се потврдува дека носителот на истиот е лице кое искажало намера да поднесе барање за признавање право на азил во Република Македонија и истото се упатува во рок од 72 (седумдесет и два часа) од моментот на неговото издавање да поднесе барање за признавање на азил пред овластеното службено лице во просториите на Одделението за азил кои се наоѓаат во Прифатниот центар за баратели на азил.

______________ година
______________ час
______________
Место

М.П.

_____________________
овластено службено лице